**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО - СКОПЈЕ**

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**Ss. CYRIL AND METHODIUSUNIVERSITY IN SKOPJE**
**INSTITUTE OF ANIMAL SCIENCE - SKOPJE**

Врз основа на член 60, став 1, точка 2 од Статутот на Институтот за сточарство во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр.451/2019 и бр. 645/2023), Институтската управа на Институтот за сточарство во Скопје, на 53-та седница одржана на 13.3.2023 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО
Бр. 02-143/2
13.3.2023 год.
СКОПЈЕ

# П Р А В И Л Н И К

## за издавање на повремено користење на деловен простор

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите и начинот за издавање на повремено користење на деловен простор кој е составен дел на деловните простории на Институтот за сточарство во Скопје (во натамошниот текест: Институтот) кои претставуваат дел од внатрешноста на институтската зграда, на адреса: бул.Илинден бр. 92А, 1000 Скопје.

### Член 2

Деловниот простор од член 1 на овој Правилник ќе се издава на краткотрајно, повремено користење на правни или на физички лица чија дејност е блиска до дејноста на Институтот, согласно со Правилникот за постапка за издавање под закуп на недвижен имот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 109/2009, бр. 336/2016, бр. 400/2018 и бр. 631/2022) и овој Правилник.

Деловниот простор е опремен со функционална мобилна и фиксна опрема, канцелариски мебел, видеобим.

### Член 3

Постапката започнува со поднесување на барање за изразување на интерес од страна на правни или на физички лица и завршува без огласување, заради краткотрајното користење на просторот изразено во ден или час.

Постапката ја спроведува директорот на Институтот согласно законските и статутарните овластувања.

### Член 4

Висината на износот за плаќање за користење на деловниот простор:

- **со** опрема изнесува (најмалку) 3.000,00 денари плус ДДВ за еден ден/максимум 8 часа дневно;
- **без** опрема изнесува (најмалку) 2.500,00 денари плус ДДВ за еден ден/максимум 8 часа дневно.
- За период на авансното плаќање, цената останува непроменета.

Начинот на плаќање, времетраењето на користењето, како и други права и обврски ќе се уредат со склучување на меѓусебен договор.

### Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Директор**

**Проф. д-р Родне Настова**